Врз основа на член 19 став (1) точка 19) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 година), а во врска со член 25 став (7) точка 10) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на 27.12.2018 година ја донесе следната

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**

**за работа на ИОРРМ за 2019 година**

1. Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2019 година, се изработува врз основа на надлежностите на ИОРРМ уредени со Законот за ревизија (Службен весник на РМ, број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 година) и Статутот на ИОРРМ.
2. Во текот на 2019 година, ИОРРМ ќе ги спроведе следните активности:

| **Активност** | | **Рок за спроведување** |
|---|---|---|
| 1. | Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 2. | Изготвување и усвојување на Годишна програма и Финансиски план на ИОРРМ за 2019 година. | Прво тримесечје на 2019 година |
| 3. | Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2018 година | Прво тримесечје на 2019 година |
| 4. | Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2019 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Прво тримесечје на 2019 година |
| 5. | Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 6. | Организирање и спроведување на практични семинари/работилници од областа на ревизија и сметководство. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |

*На 25.02.2019 година, СУНРРМ даде согласност на Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2019 година*

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Прилагодување на ревизорската алатка (PACK PE). | Прво полугодие на 2019 година |
| 8. | Изготвување упатства за изготвување на ревизорска документација. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 9. | Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 10. | Донесување на тригодишна и годишна програма на Комисијата за контрола на квалитетот. | Прво тримесечје на 2019 година |
| 11. | Спроведување на обука на овластените ревизори кои ќе спроведуваат контрола | Прво полугодие на 2019 година |
| 12. | Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 13. | Преведување и објавување во ‛Службен весник на РМ‛ на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 14. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 15. | Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 16. | Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите поради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 17. | Издавање на Билтен на ИОРРМ. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 18. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Годишна активност (01.01-31.12.2019) |
| 20. | Усогласување на актите на ИОРРМ со Законот за измени и дополнувања на Законот за ревизија (Службен весник на РМ, 83/18 година). | Прво полугодие на 2019 година |
| 21. | Изготвување на Правилник и методолошко упатство за контрола на конфликт на интереси. | Прво тримесечје на 2019 година |
| 22. | Подготовка на Стратегија на ИОРРМ | Прво полугодие на 2019 година |
| 23. | Ажурирање на Акцискиот план за усогласеност со SMO[1] на IFAC[2] | Второ полугодие на 2019 година |

3. Оваа Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2019 година стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРМ**

[1] Standards for Membership Obligations
[2] International Federation of Accountants

*На 25.02.2019 година, СУНРРМ даде согласност на Годишната програма за работа на ИОРРМ за 2019 година*